**Тековни Проекти финансирани со заеми од Светска банка во Република Македонија**

**состојба на 29.12.2010 година**

| Назив на Проект | Цел на Проектот | Вредност на заем (Мил. Евра) | Година На Почеток на Проектот | Година на завршу-вање на Проектот |
|---|---|---|---|---|
| **Проект за имплементација на реформите во правниот и судскиот систем и институционална поддршка** | Подобрување на ефикасноста на правосудниот систем и со самото тоа подобрување на бизнис климата преку зајакнување на капацитетот на Министерството за правда, Министерството за економија, и судството за системско имплементирање на Стратегијата за реформа на правосудството и на законите кои се однесуваат на правосудството, подобрување на судската инфраструктура и подобрување на информатичките системи во судството. | 10 | 2006 | 2011 |
| **Трет Проект за Р. Македонија од Програмата на енергетската заедница за југоисточна Европа** | Проширување на трафостаницата Скопје 5, рехабилитација и изградба на далекуводи, надградба на постоечкиот систем за управување со електроенергетскиот систем, софтвер за планирање, надградба и рехабилитација на 110 кв трафостаници. | 20,7 | 2006 | 2011 |
| **Проект за реформа на деловното окружување и зајакнување на институциите** | Зајакнување на капацитетите на Владата на РМ во процесот на продолжување на реформите во деловното окружување преку примена на соодветна анализа на квалитетот на постојните и идните регулативи, преку подобрување на процесот на ефикасна регистрација на деловните субјекти, подобрување на квалитетот на пристапот на македонските производи на странските пазари, подобар пристап до информации потребни за започнување и водење на деловното работење во РМ. | 6,4 | 2005 | 2010 |
| **Проект за модернизација на образованието** | Унапредување на квалитетот на наставата и зајакнување на планирањето и управувањето со училиштата, како и поддршка и ефективност во децентрализираниот образовен процес. | 3,6 | 2004 | 2011 |
| **Проект за управување со здравствениот сектор** | Зајакнување на капацитетот на Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување во ефикасното спроведување на здравствените политики, здравственото осигурување, финансиското управување и склучување на договори со давателите на здравствените услуги со цел подобрување и преструктуирање на здравствените услуги. | 7,3 | 2004 | 2010 |
| **Проект за реформи во железницата** | Зголемување на капацитетот на железничкиот транспорт и механизација и модернизација на железничката инфраструктура. | 15 | 2006 | 2011 |
| **Втор проект за олеснување на трговијата и транспортот во југоисточна Европа – TTFSE 2** | Отстранување на тесните грла на физичката инфраструктура на Коридорот 10 и главниот граничен премин меѓу РМ и Косово, зајакнување на способноста за тргување и инвестирање во патниот коридор преку модернизација на системот за наплата на патарини, да ја поддржи хармонизацијата на податоците за железничкиот транспорт на стоки кои ги разменуваат царината и железницата. | 15 | 2007 | 2011 |
| **Проект за зајакнување на земјоделството и** | Подобрување на способноста на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за повлекување и следење на користењето на фондовите за рурален развој | 15 | 2007 | 2011 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **пристапувањето** | и за евалуација на нивното влијание врз секторот земјоделство и ќе овозможи ЕУ ИПАРД фондовите да им бидат исплатени на фармерите на начин задоволителен за ЕУ. | | | |

| Назив на проект | Краток опис | Мил. Евра | Фин. година на договор | Год. на конечна реализа-ција |
|---|---|---|---|---|
| **Проект за катастар за недвижности и регистрација** | Подобрување на сигурноста на сопственичките права, перформансите на пазарот на имот и подобрување на услугите за регистрација на трансакции со имот преку комплетирање на катастарот на недвижен имот и изградба на институционален капацитет за поддршка на трансфер на сопственост над земјиште. | 10,3 | 2005 | 2010 |
| **Дополнително финансирање на Проектот за катастар на недвижности и регистрација** | Подобрување на доставата на јавните услуги во секторот на катастарот на недвижности и регистрација на права кој директно влијае врз економскиот развој преку пазарот на недвижности. Воедно, ќе се обезбеди и поддршка на Управата за имотно-правни работи при Министерството за финансии и нејзините подрачните одделенија со тоа што ќе се овозможи на Управата да се здобие со современи услови за извршување на своите надлежности, а корисниците на услуги да ги користат благодетите од значително поквалитетните и поефикасни услуги. | 9 | 2010 | 2013 |
| **Проект за имплементација на социјална заштита** | Подобрување на ефективноста и ефикасноста на системот на социјална заштита преку подобрена администрација и долгорочна стабилност на пензискиот систем и подобрено таргетирање и администрирање на другите готовински социјални надоместоци. | 7,2 | 2004 | 2011 |
| **Проект за подобрување на постоечката регионална и локална мрежа** | Реконструкција и инвестиционо одржување на регионалната и локалната мрежа во Република Македонија, како и зајакнување на институционалните капацитети за спроведување на Проектот. | 70 | 2008 | 2013 |
| **Проект за условени парични трансфери** | Зајакнување на ефективноста и ефикасноста на мрежата за социјална заштита преку: (а) воведување на условени парични трансфери и (б) подобрувања во администрацијата, надзорот, следењето и евалуацијата на трансферите на социјална помош. | 19,3 | 2009 | 2014 |
| **Проект за подобрување на општинските услуги** | Подобрување на перформансите на урбаните економии и квалитетот на управувањето на општинско ниво преку обезбедување на соодветна финансиска и советодавна поддршка на повеќе општини и нивните јавни претпријатија како во делот на подобрување на комуналните услуги така и во делот на унапредување и зајакнување на општинските функции и надлежности. | 18,9 | 2009 | 2014 |

**Тековни Проекти финансирани со грантови од Светска банка во Република Македонија**

**состојба на 29.12.2010 година**

| Назив на Проект | Цел на Проектот | Вредност на грант (Мил. Долари) | Година На Почеток на Проектот | Година на завршу-вање на Проектот |
|---|---|---|---|---|
| **ГЕФ Грант за обновлива енергија** | Основна цел на проектот е поттикнување на инвестиции за зголемување на енергетската ефикасност и поголемо искористување на обновливите извори на енергија преку остварување на институционалните и финансиските бариери, создавање и поддршка на рамка, институционален капацитет и механизми за финансирање. | 5,5 | 2007 | 2011 |